Да се изгради отворена летна сцена (амфитеатар) и повеќенаменски затворен објект за култура на/во кои би се организирале културно-забавни настани, активности, екција на филмови, промоции на книги, поетски читања и сл., бидејќи на територија на Општина Аеродром не постои соодветен објект за тоа.

Нови градинки и дневни престои за најмалите!

Во Мичурин има потреба од детска градинка како и решавање на проблемот со псркинг

Да се обезбеди градинар во ООУ Александар Македонски. Да се обезбеди технички персонал -хигиеничари во училиштето. Да се реновира училишното спортско игралиште. Да се санира проблемот со собирање вода на паркингот на училиштето. Да се обноват корпите за отпадоци и клупите.

Изградба на атмосверска канализација

Pogolema higiena

Инспекцијата да ги казнува паркираните коли пред влезови на згради и да казнува за непрописно фрлање ѓубре на зелени места, да бидат инспекциските служби повеќе на терен.

Повеќе инвестиции во образование, подобри услови за работа на наставниците - лап топ за секој наставник за реализирање на наставните потреби

има проблеми во однос на планирањето и изградбата на нови објекти, донесувањето на нови одобренија за градба, како и решавањето на старите предмети за легализација

загаден воздух

zagaden vozduh, zagadeni povrsini

Да се спроведе проект преку можноста за кофинансирање, да се изврши реновирање и санација на најоштетените фасади на колективните станбени згради во општината,како и замена на старите материјали на крововите (најчесто од азбест). На тој начин значително ќе се приидонесе кон зголемување на нивото на енергетската ефикасност и заштитата на животната средина

Дали во Буџетот за 2024 година се предвидени средства за субвенции за фасади на станбените објекти

1.Предлагам да се асвалтира паркингот позади жолтата зграда во Стар Аеродром, односно позади зградите на Адора на улицата Методија Шаторов Шарло. 2. Да се уреди делот пред детската градинка Калинка и да се стават столбчиња за да се напави убаво место да ифрање околи детското игралиште. 3. Да се уреди просторот во средината позади војните кули каде има спортско и детско игралиште ама зеленило нема и потребо е да се насадат дрвца

Izgradba na detska gradinka vo blizina

Дали во овој буџет се предвидени средства за реновирање и проширување на ООУ Блаже Коневски?

Да се овозможи на младата популација на општината бесплатно учество во спортски клубови и организации кои ќе спроведуваат термини за спортски активности во објектите на училиштата/спортските сали. Организација на турнири и натпревари(маалски) со поддршка на општината Да се зајанкне спортскиот дух кај младите и да се иницираат да бидат покативни преку мерки кои ќе значат сатисфакција на младите за спортски активности. доделување на признанија/багодарници како поттпик и потврда за нивната заложба за развој на спортсиот дух како чекор напред кон обезбедување нз здрава и перспективна младина на општината.

потребна ни е поголема присутност и достапност на инспекциските служби на општината на терен кои ќе ги следат секојдневните проблеми во насока на обезбедување на чиста и здрава животна средина. Да се детектираат и казнат сторителите на прекршоци кои ја загадуваат животната средина, фрлаат ѓубре и шут на необележани места, оштетуваат урбана опрема или на друг начин ја загадуваат средината. Граѓанинот да има увид во дејствувањето на инспекторите,за тоа колку казни/опомени има изречено за сторители на прекршоци - физички и правни лица кои постапувале спротивно на законот. Да се воспостави ситем електорнски за пријава на остапувања од закон и да се извести пријавителот за исходот од неговата пријава во разумен рок, согласно закон.

да се обебзеди поголема функционалност на месните и урбаните заедници како начин на доближување на локалната самоуправа до граѓанинот, преку одржување на редовни средби со граѓани на месечно/тримесечно ниво на кои ќе се изнесуваат потребите и барањата на граѓаните за унапредување на секојдневниот живот во конкретнта урбана месна заедница и истте да се доставуваат до општината преку советниците кои ќе вложат напори за ефектуирање на барањата.

Идеја за поставување на зелени ѕидови во основните училишта во општина Аеродром. Имајќи предвид дека состојбата со загадувањето на амбиенталниот воздух е изразена во општината Аеродром, особено во Ново Лисиче, се предлага во основните училишта кои се наоѓаат на територијата на оваа општина, да се постават т.н. зелени ѕидови на училишните објекти, со цел да се придонесе во борбата со загадувањето и справување со последиците од загадувањето. Според јавно достапните анализи на еколозите се смета дека само 10 микрограми ситна прашина (ПМ) на метар кубен во воздухот, го скратува животниот век за половина година. Зелените ѕидови би биле составени од специфични култури на растенија (како замена на дрва) кои привлекуваат ситна прашина (ПМ) и истата ја претвараат во фитомаса и ја користат како извор на храна, а притоа имаат способност да неутрализираат и над 200 тони на јаглерод диоксид годишно. Средствата за реализација на овој проект да се обезбедат од Буџетот на општината Аеродром за 2024 година.

Предлог идеја за “Уредување на паркот во населбата Ново Лисиче со пешачки и велосипедски патеки“. Имено, паркот во Ново Лисиче во близина на последната автобуска станица број „5“ се протега на површина од околу 100.000 квадратни метри (околу 90.000 квадрати зелена површина) и е вториот најголем парк во Скопје, по Градскиот парк. Истиот располага со пет летниковци, две детски игралишта, игралиште за кошарка и за фудбал и други содржини, но бидејќи нема уредени пешачки (со афалт), велосипедски патеки и патека за трчање (со тартан), истиот е недостапен за лица со инвалидитет во колички, за посетители кои користат бебешки колички и за велосипедисти, а граѓаните не се во можност ниту да го искористат за рекреативен спорт. Имено, потребни се справи за вежбање на отворено (street work out), кои би се поставиле на неколку места во паркот, а истите би можеле бесплатно да ги користат сите граѓани на општина Аеродром кои го посетуваат паркот, а особено жителите на оваа населба која е бројна и населена од млади луѓе, со цел водење здрав живот и поттикнување здрави навики. Со цел да се направи овој парк достапен за граѓаните и истите да може да се рекреираат во него, се предлага да се усвои овои овој предлог проект и средства за негова реализација да се обезбедат од Буџетот на општината Аеродром за 2024 година.

Промена на прозорците во ООУ Љубен Лапе

Да се доврши паркот на Пандил Шишков

Eueu

Razvoj na lokalnata ekonomija